# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ-ДОКТОРАНД ЗА НАУЧНА ОБЛАСТ ГАСТРОНОМИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.2602-890/6 од 8 август 2014 година донесена на 108. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 8 август 2014 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на асистент-докторанд за научна област *гастрономија на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип*.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија“, „Утрински весник” и „Коха“ од 4 јули 2014 година и во предвидениот рок се пријави м-р Душица Санева Мицевска, помлад асистент.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Душица Санева-Мицевска** е родена на 6 мај 1983 година во Штип. Средното гимназиско образование го завршува во Гимназија „Славчо Стојменски” во Штип, со континуиран одличен успех. Дипломира во 2006 година на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Република Македонија и се стекнува со диплома дипломиран инженер прехранбен технолог. Во 2011 година на истата институција успешно го одбранува својот магистерски труд на тема „Интегриран модел за обезбедување квалитет наролован вафел и чоколадо за готвење” и се стекнува со звање магистер на технички науки од областа менаџмент на квалитет, со просек 9. Од октомври 2012 г. до денес, кандидатката е докторанд на Школата за докторски студии на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Од ноември 2008 година е ангажирана како лаборант на Факултетот за туризам и бизнис логистика во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип и притоа успешно ги реализирала сите зададени задолженија, при што покажува солидни вештини на комуникација, како и способност за организирање и имплементирање на оперативните задачи.

Кандидатката во овој период активно учествува во научноистражувачката дејност преку неколку обуки, работилници и меѓународни конференции. Истовремено, таа е коавтор на повеќе научни и стручни трудови што упатува на нејзиниот интерес и афинитет за научноистражувачка работа. Од приложената документација се гледа дека одлично го говори англискиот јазик и дека има компјутерски познавања од повеќе оперативни програми како Windows и Microsoft Office, а едновремено ги познава и софтверите: Mad Lab, Statistika StatSoft 2010 и SmartDraw. Во 2010 година се стекнува со уверение за завршена курсна настава за прва помош на работното место. Од 28 јануари 2013 години до денес е член на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика.

***Кандидатката ги исполнува сите законски услови предвидени за избор во звање асистент-докторанд, и тоа:***

- завршено втор циклус студии од соодветно научно подрачје;
- остварено просечен успех од најмалку 8,50 на прв и втор циклус на студии;
- има познавање од англиски јазик кое кандидатката го докажува со потврда за познавање на јазикот и тоа Кембриџ сертификат за прелиминарен англиски јазик (Cambridge Certificate of Preliminary English) - (B1);

- има објавено минимум еден научен труд;
- способност за наставно-научна дејност (25 поени).

***Наставно-образовна дејност***

Од септември 2011 година кандидатката работи како помлад асистент за научната област гастрономија на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“– Штип. Во тој период изведува вежби на повеќе предмети од оваа област, и тоа: Гастрономија, Основи на вештина на готвење, Исхрана и диететика, Техника на послужување и готварство, Техника на послужување 1, Техника на послужување 2, Познавање на стока и Менаџмент на производство на храна, со кои го исполнува критериумот од минимум 25 поени за наставно-образовна дејност.

***Научноистражувачка дејност***

М-р Душица Санева-Мицевска е коавтор на следниве научни и стручни трудови (трудовите се објавени и во електронскиот репозиториум на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип):

Andronikov, Darko and Naseva, Dijana and Dimitrovski, Zoran and **Saneva, Dusica** and Kuzelov, Aco (2013) *The amount of protein and influence of various acid solution and water in microbiology of fresh and frozen pork skins*. International scientific on-line journal „Science & Technologies“, 3 (5). pp. 11-15. ISSN 1314-4111, http://eprints.ugd.edu.mk/6874/

Taskov, Nako and Metodijeski, Dejan and **Saneva, Dusica** (2010) *Туризмот – можност за развој на градовите*. IV Конгрес на географите на Република Македонија, http://eprints.ugd.edu.mk/1212/

Jorgova, Katja and Danov, Kamen and Gradinarska, Dijana and Kuzelov, Aco and Taskov, Nako and **Saneva, Dusica** (2014) *Funkcionalne osobine sojeva bakterija mlečne kiseline i mikrokoka u sredini sličnoj mesnoj masi sirovih kobasica kao modelu*. In: XIX Savetovanje o Biotehnologiji sa medjunarodnim ucescem, 07-08 March 2014, Cacak, Republika Srbija, http://eprints.ugd.edu.mk/9713/

Indzilieva, Dijana and Kuzelov, Aco and Taskov, Nako and **Saneva, Dusica** and Metodijeski, Dejan (2014) *Ispitivanje potencijalnog probiotika - lactobacillus plantarum soj L6 izolovanog iz "Karlovske kobasice"*. In: XIX Savetovanje o biotehnologiji sa medjunarodnim ucescem, 07-08 March 2014, Cacak, Republika Srbija, http://eprints.ugd.edu.mk/9708/

Andronikov, Darko and Kuzelov, Aco and Sofijanova, Elenica and Taskov, Nako and **Saneva, Dusica** (2014) *Učešće sadržaja proteina dobivenih od svinskih kožica u barenim svinskim kobasicama*. In: XIX Savetovanje o biotehnologiji sa medjunarodnim ucescem, 07-08 March 2014, Cacak, Republika Srbija, http://eprints.ugd.edu.mk/9751/

Andronikov, Darko and Naseva, Dijana and Taskov, Nako and **Saneva, Dusica** and Kuzelov, Aco (2013) *Chemical and microbiological analysis of fresh, frozen and emulsions of pork skins*. In: 10th International Symposium: Modern trends in livestock production, 02 Oct 2013, Belgrade, Serbia, http://eprints.ugd.edu.mk/7674/

Kuzelov, Aco and Naseva, Dijana and Taskov, Nako and **Saneva, Dusica** and Spasova, Dragica and Andronikov, Darko (2013) *Impact of functional mix and starter cultures on the sensory properties of permanent sausages produced in industrial conditions*. In: 10th International Symposium: Modern trends in livestock production, 02 Oct 2013, Belgrade, Serbia, http://eprints.ugd.edu.mk/7675/

Kuzelov, Aco and Stojanovski, Mitre and Taskov, Nako and Sofijanova, Elenica and **Saneva, Dusica** (2013) *Uticaj težine i presovanje buta na kalo svinjskog pršuta proizvedenog u industrijskim uslovima*. In: XVIII Savetovanje o biotehnologiji, 15 -16 March 2013, Cacak, Republika Srbija, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/7526

Kuzelov, Aco and Taskov, Nako and Andronikov, Darko and Naseva, Dijana and **Saneva, Dusica** (2013) *Examination of some quantitative and qualitative characteristics of the meat from different kinds of pigs*. In: Food science, engineering and technologies 2013, 18-19 Oct 2013, Plovdiv, Bulgaria, http://eprints.ugd.edu.mk/7778/

Kuzelov, Aco and Andronikov, Darko and Taskov, Nako and **Saneva, Dusica** and Naseva, Dijana (2013) *The influence of the temperature on the chemical and microbiological composition of vacuum packed Vrshnichki sausage*. In: Food science, engineering and technologies 2013, 18-19 Oct 2013, Plovdiv, Bulgaria, http://eprints.ugd.edu.mk/7780/

**Saneva, Dusica** and Bardarova, Snezana and Antonievski, Goran (2012) *Гастрономската понуда како фактор за развој на туризмот во Дојран*. In: Scientific-Technical Forum theme: Tourism in Dojran Region, 20 Apr 2012, Dojran, R.Macedonia. (Unpublished) http://eprints.ugd.edu.mk/5544/

Исто така, кандидатката има посетувано повеќе обуки и учествувано на повеќе работилници, и тоа:

- Обука за одржлив туризам, Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово ТЕМПУС IV Проект „Користење на локалните ресурси – одржлив агробизнис и туризам во земјите од јужен Балкан”, Тетово, 2010.
- Center of applied spectroscopy international summer schools 2009 GC and UV-VIS Spectroscopy Application, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, 2009.
- Трениг курс за планирање на развојот на туризмот и менаџментот, Национален центар за истражување, Министерство за надворешни работи, Каиро, Арапска Република Египет, 2009.
- Учество на семинар на тема „Нов пристап во развојот на менаџментот на квалитет“, 2009.
- Работилница за Стратешкиот план за локален економски развој на Општина Штип, мај 2011.
- Работилница за потенцијалот на Берово како дестинација за алтернативен туризам, 2009.
- Работилница за Туристички акционен план на општините Штип и Карбинци, јануари 2009.
- Работилица за употреба на case study методот во образовниот процес, февруари 2009.
- Работилница за Стратегијата за туристичко акционо планирање за Општина Штип, декември 2008.
- Во 2009 година добива Благодарница за учеството на 6. Традиционален натпревар „Подготвување на торта“, Меѓународен саем за храна и технологија за прехранбена индустрија **FOODTECH 2009**, Адана-Турција, 25-28 март 2009 г. Натпреварот е одржан на 27 март 2009 година.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Членовите на Комисијата за избор на асистент-докторанд за научната област гастрономија на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, по разгледувањето на поднесената документација од страна на пријавената кандидатка, едногласно го донесоа следниов заклучок.

Кандидатката м-р Душица Санева-Мицевска, покрај доставената комплетна документација која се бара, покажува и перманентен интерес и желба за научно напредување што се потврдува со објавените научни и стручни трудови. Во поглед на наставно-образовната дејност кандидатката покажува висок степен на знаење и стручност од областа гастрономија на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, во изминатиот период.

Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да ја предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика **да ја избере м-р Душица Санева Мицевска за асистент-докторанд во научната област гастрономија на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Небојша Вуковиќ, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Ацо Кузелов, член, с.р.**
**Проф. д-р Нако Ташков, член, с.р.**